SYMPOSION

# П О К А Н А

## ЗА УЧЕСТВО НА
## ТРИДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА

## „УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР“

**(15–18 НОЕМВРИ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА)**

### ВО ФОКУСОТ НА ТРИДНЕВНАТА РАБОТИЛНИЦА

Во очекување на новите ЗАКОНИ ЗА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, целта на оваа работилница е *подетално запознавање и дискусија за специфични прашања*, уредени СО ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ и ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ.

Во фокусот на оваа работилница ќе биде и новиот ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР, потпишан во јули оваа година, а ќе биде даден осврт и на ГРАНСКИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

Примената на ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВЕН СЕКТОР и ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ резултираше со поинаков и различен пристап кон управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор, усогласен со добрите практики и начела за јавна администрација. Решенијата за различните аспекти на управувањето на човечките ресурси (креирањето на описите на работните места, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и управувањето со учинокот) се темелат врз *компетенции*. Ова во значителна мера ги разликува од правилата уредени со општото работно законодавство, кое е применливо и во приватниот сектор. Во практичната примена на погоре наведените закони се појавија *бројни предизвици, различни толкувања и дилеми*, па оттука ќе се осврнеме на *најчестите прашања* што се појавуваат кај вработените во областа на управувањето со човечките ресурси при *примената на законите во секојдневното работење* – изработка на функционална анализа и акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, планирање на вработувањата, управување со учинокот и дисциплинска и материјална одговорност на службениците.

Имајќи ги предвид и честите измени и новини во работното законодавство, како и склучувањето на ОПШТИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР, на оваа работилница едновремено ќе се дискутираат *правните институти, правата и обврските регулирани со општото работно законодавство и со колективните договори*, како што се: склучување и откажување на договорот за вработување, плата, додатоци и надоместоци на плата, работно време, право на одмор, платено и неплатено отсуство, стручно усовршување и заштита на правата на работниците.

Додадена вредност на работилницата ќе биде *интерактивната комуникација* на учесниците со предавачот, меѓусебната размена на искуства, мислења и ставови, како

и овозможениот простор за давање *препораки и придонес во подобрувањето на законодавната рамка* во областа на управување со човечки ресурси во јавниот сектор.

**Време и место** на реализација: тридневната програма ќе се реализира во **Истанбул**, Турција, во периодот **од 15 до 18 ноември 2023** година.

Покрај заинтересираните групи и деталите за начинот на пријавување, подолу е претставена и целосната **работна агенда** за тридневната работилница.

Повеќе информации за **предавачот**, кој ќе ги води и менторира едукативните блокови, како и детално разработената **програма на патувањето**, која ги опфаќа сите аспекти на аранжманот и местата на посета во Истанбул, ќе бидат доставени до заинтересираните учесници кои ќе испратат **барање** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

## Заинтересирани учесници

Земајќи ги превид темите опфатени со подолу изложената агенда, работилницата е наменета и особено полезна за вработените во јавниот сектор, за административните службеници, одговорните лица, лицата на раководни позиции, невработените лица со интерес за предметната област, адвокатите кои се занимаваат со заштита на правата што произлегуваат од работните односи на вработените во јавниот сектор и на административните службеници, како и за други заинтересирани лица.

## Начин за пријава на учество

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група, Симпозион ќе им даде предност на првопријавените учесници. За учесниците пријавени **до 13 октомври**, предвиден е **попуст од 10%** на целиот аранжман и котизацијата за учество.

Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари. Според тоа, за пријавите испратени до 13 октомври, цената за котизација **со попуст** изнесува **7.650,00 денари.**

Котизацијата вклучува**:** полно учество во работните сесии на тридневната работилница, користење на конференциска сала, кафе-паузи, сертификат за учество, сеопфатен работен материјал од работилницата, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Заради квалитетот на работилницата и комфорот на работните услови, бројот на учесници е ограничен. Пријавувањето за учество на работилницата е отворено најдоцна **до 6 ноември** 2023 г. со пополнување и испраќање на **пријавниот лист** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

**Подолу е достапна целосната работна агенда на тридневната работилница, а наведени се и информациите за уплата на котизацијата и аранжманот.*

SYMPOSION

# АГЕНДА

## Прв ден
*Среда, 15 ноември*

**17.00–18.30 Функционална анализа и акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во институциите од јавниот сектор**

- Функционална анализа – процес и документ
- Видови функции
- Спроведување на процесот на функционална анализа
- Извештај од спроведена функционална анализа и план за подобрување
- Акти за внатрешна организација и систематизација на работни места

## Втор ден
*Четврток, 16 ноември*

**09.30-11.00 Планирање на вработувањата во јавниот сектор**

- Годишен план за вработување
- Постапка за донесување и за изменување и/или дополнување на годишниот план
- Извештаи за реализација на годишните планови за вработување

**11.00–11.30** Кафе пауза

**11.30–13.00 Управување со учинокот**

- Утврдување на работни цели и задачи
- Утврдување на индивидуален план за стручно усовршување
- Постапка за оценување
- Оценување во други случаи

## Трет ден
*Петок, 17 ноември*

**09.30–11.00 Примена на законот за работни односи и општиот колективен договор за јавниот сектор**

- Склучување и откажување на договор за вработување
- Плата и додатоци и надоместоци на плата
- Работно време и право на одмор
- Платено, неплатено отсуство и стручно усовршување
- Заштита на правата

** Во продолжение се наведени податоците за пријавување и уплата на котизацијата и аранжманот.*

SYMPOSION

## **ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПЛАТА**

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса:  ул. Франклин Рузвелт бр. 54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.:  078 271 576

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса:  ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел.:  076 30 62 62

**Пријава за учество**:

**ПРИЈАВЕН ЛИСТ** – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **6 НОЕМВРИ** 2023 г.)